Врз основа на член 44-а став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/05, 103/08 и 124/10), директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАЗЕЦОТ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА И ЗА НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ

## Член 1

Во Правилникот за образецот, формата и содржината на легитимацијата и за начинот на нејзиното издавање и одземање („Службен весник на Република Македонија“ бр.143/08), во членот 2 ставовите (2) и (3) се менуваат и гласат:

„(2) На предната страна на легитимацијата е отпечатен меморандумот на Дирекцијата за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: Дирекцијата), под него, во средината, испишани се зборовите „ЛЕГИТИМАЦИЈА“, под овие зборови на левата страна има место за фотографија на инспекторот за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: инспекторот) на кој му се издава легитимацијата со димензии 2 x 2 cm. На десната страна се испишува името и презимето и звањето на инспекторот. Во средината на долниот раб има место за печат, а во долниот десен дел има место за потпис на директорот на Дирекцијата.

(3) На задната страна на легитимацијата е содржан следниот текст: „При вршење на инспекциски надзор инспекторот постапува согласно член 44-в од Законот за заштита на личните податоци“. Под текстот на десната страна се испишува регистарскиот број на легитимацијата, а под него на левата страна се испишува дата на издавање на легитимацијата.“

Член **2**

Во членот 8 во ставот (2) по зборовите „име и презиме на инспекторот“ се додаваат зборовите „звањето на инспекторот“.

Член **3**

Образецот на легитимацијата се заменува со нов образец кој е составен дел на овој правилник.

Член **4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Директор,

Димитар Ѓеорѓиевски

# Образец на легитимацијата на инспекторите за заштита на личните податоци

## Предна страна

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Л Е Г И Т И М А Ц И Ј А

Фотографија
2 x 2

______________________________
име и презиме

______________________________
звање на инспекторот

М. П. Директор,

____________________

## Задна страна

При вршење на инспекциски надзор, инспекторот постапува согласно член 44-в од Законот за заштита на личните податоци.

Воден печат

Дата на издавање: Регистарски број: